Врз основа на член 35 од Законот за просторно и урбанистичко планирање ("Службен Весник на РМ" бр. 199/14, 44/15, 193/15, 31/16 и 163/16), Градоначалникот на Општина Карпош, го донесе следното

# СООПШТЕНИЕ

за организирање на јавна презентација и јавна анкета по **Изменување и дополнување на блок 8 од Детален урбанистички план за Градска четврт З 05, Општина Карпош - Скопје**.

Јавната анкета по Изменување и дополнување на блок 8 од Детален урбанистички план за Градска четврт З 05, Општина Карпош - Скопје, ќе се одржи во периодот од 21.08.2017 година до 04.09.2017 година, секој работен ден од 08.00 до 16.00 часот во Урбаната заедница "Карпош 3", Општина Карпош-Скопје.

Јавната презентација за субјектите од член 32 став 1 од Законот за просторно и урбанистичко планирање ("Службен Весник на РМ" бр. 199/14, 44/15, 193/15, 31/16 и 163/16), ќе се одржи на ден 31.08.2017 година во 13.30 часот во просториите на Општина Карпош (Барака 2- ул. Радика бр. 9).

Јавната презентација за физички и правни лица, ќе се одржи на ден 31.08.2017 година во 15.00 часот, во Урбаната заедница "Карпош 3 ", Општина Карпош - Скопје.

Просторот за кој се донесува Изменување и дополнување на блок 8 од Детален урбанистички план за Градска четврт З 05, Општина Карпош - Скопје е дефиниран со следните граници:

- -Од Југ: по оска на Бул. „8-ми Септември ",;
- -Од Запад: по оска на ул „Манапо";
- -Од Север: по оска на ул. „Никола Русински" ;
- -Од Исток: по оска на ул. ул. „Бледски договор (Париска)".

Површината на планскиот опфат изнесува 12,11 ха.

Анкетните листови за учество на Јавната анкета ќе се наоѓаат во У.З. " Карпош 3", Општина Карпош- Скопје и на системот Е-урбанизам.

Соопштението за организирање на јавната презентација и јавната анкета и графичкиот приказ за Изменување и дополнување на блок 8 од Детален урбанистички план за Градска четврт З 05, Општина Карпош - Скопје ќе бидат објавени на WEB страната на Општина Карпош- www.karpos.gov.mk и на системот Е-Урбанизам.

Во определениот рок, заинтересираните правни и физички лица од конкретното подрачје опфатено со Планот, можат да доставaт забелешки на анкетни листови во просториите на УЗ " Карпош 3" и во електронска форма согласно член 35 став 5 од Законот за просторно и урбанистичко планирање ("Службен Весник на РМ" бр. 199/14, 44/15, 193/15, 31/16 и 163/16).

ГРАДОНАЧАЛНИК НА
ОПШТИНА КАРПОШ
Стевчо Јакимовски

.